Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/13
02.06.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-460/13
02.06 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од седмата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 28.04.2020 година | **Време** | 14:30 – 16:30 часот |
| **Бр. на седница** | Седма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев – надворешен експерт, Сашко Стојковски - надворешен експерт , Зоран Мурџев – надворешен експерт Николче Мицкоски – надворешен експерт | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на НКБК одржана на 12.03.2020 година
2. Потреба од промена на "Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI"
3. Информирање за подготовката на препораките за поставување/користење постојна јавна оптичка кабелска канализација
4. Разно

## БЕЛЕШКИ

Седмата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

Согласно членот 1 од измените на Деловникот за работа на НКБК, Дневниот ред електронски ќе биде доставен до членовите за формално негово негово усвојување.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од шестата седница, одржана на 12.03.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред**

Во однос на втората точка, членот на НКБК, членот на НКБК Славица Настеска, истакна дека потребата за измена на точка 2 од Образецот е утврдена во текот на подготовката на првиот Извештај за развој на бродбенд пазарот. Измената е потреба поради реорганизација на податоците со цел да се овозможи поедноставна компарација на податоците за индикаторот „покриеност" за РСМ со соодветните на државите од ЕУ.

**Заклучок 1:** Славица Настеска ќе достави првична промена на точка 2 од Образецот до членовите на НКБК,

**Заклучок 2 :** На веб страната на НКБК да се постави графички приказ на споредба на

македонските DESI индикатори со европските.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во однос на третата точка, членот на НКБК Зоран Дервишов, направи кратка презентација на подготвените првични препораки за поставување/користење постојна јавна оптичка кабелска канализација. Тој истакна дека предлог препораките се во насока на задоволување на потребите за иградба на оптичките мрежи (транспортни и пристапни) согласно НОБП како и за идните потреби на државата за развојот на информатичкото општество. Во подготовката на првичните препораките особен допринос дале надворешните експерти, имајќи го во предвид нивното долгогодишно искуство.

Буковалов, напомена дека одкога НКБК ќе ги усвои препораките истите ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и администрација со предлог препораките да бидат доставени до Влада за нивно усвојување.

Членовите на НКБК се согласија дека дел од препораките треба да бидат составен дел на идните измени на пакетот закони за градење и Законот за електронските комуниукации.

**Заклучок 3:** Зоран Дервишов до членовите на НКБК ќе ги достави предлог препораките за поставување/користење постојна јавна оптичка кабелска канализација.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на четвртата точка разно, членот на НКБК Боро Јакимовски, истакна дека добиените податоци од ЕВН Македонија се однесуваат само на белите зони, а за да се направи подобра корелација и споредбена анализа треба да се добијат и согледаат и податоците за сивите и црните зони.

Буковалов ги информира членовите на НКБК и присутните за текот на подготовкаат на новата ИКТ стратегија која се подготвува со техничка помош од Европската комисија.

Записникот го водеше
Претседател на НКБК

**Димитар Буковалов**